# Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска на свечена церемонија за промоција на 120 подофицери и свечена заклетва на 150 професионални војници

24.08.2023 – Касарна „Алексо Дамниевски Бауман“, Велес

Почитуван Заменик на Началникот на Генералштабот генерал мајор Азим Нуредин,

Почитуван началник на штабот бригаден генерал Мирче Ѓорговски,

Почитувани команданти во Командата обуки и доктрини,

Почитувани офицери,

Почитувани подофицери и професионални војници,

Почитувани членови на семејствата, роднини и пријатели

Војничката професија не е лесна, но е исклучително важна, достоинствена и одговорна. Секој кој и пристапува на војничката професија, колку и да е инспириран од различни причини, има единствена мисија тоа е да и служи татковината и на својот народ. Војничката професија претставува истовремено и огромна жртва но и огромна чест.

Да се носи униформа на земја членка на НАТО е дополнителна одговорност, но и исклучителна привилегија за чие остварување се залагаа сите претходни министри, претседатели на државата, началници на Генералаштабот и сите ваши колеги од осамосојувањето до денес, за што во името на минситерството за одбрана, да им искажам посебна благодарност.

Ви благодарам и ви честитам на сите вас, што нè правите горди како нација и како институција, и што сте нашиот поттик и инспирација да продолжиме да се соочуваме со предизвиците на времето во кое живееме и новата безбедносна архитектура.

Да, вистина е дека секоја генерација има своја борба, но вистина е и дека изминатите неколку години се веројатно време на најголеми предизвици со кои се соочил светот во последните седумддесет години. Токму затоа, Командата за обука и доктрина е клучната карика преку која новите војници се надоврзуваат на армијата. Процесот на обука тука е само првото скалило кое овозможува влез во војничката кариера, но личното унапредување и усовршување никогаш не треба да запрат. Како што се менуваат предизвиците на светот во кој живееме, така се менуваме и прилагодуваме и ние, и тоа и дава поткрепа на нашата лична отпорност.

А градењето на отпорност како еден од клучните концепти на НАТО треба секогаш да започне со личен пример. Нашата подготвеност, брзо, ефикасно и одлучно да реагираме

на секоја ситуација всушност ја покажува и нашата подготвеност да ги одбраниме вредностите кои ги споделуваме и да ги заштитиме државата и нашите граѓани.

Токму затоа, и покрај сите предизвици со кои е соочено нашето општество, како министерка секогаш давам дополнителни напори за унапредување на армијата како целина, но се разбира  и квалитетот на живот на секој поединец во неа.

За релативно краток временски период како овозможивме двојно поголем буџет на одбраната, набавка на современа опрема и вооружување, реконструкција и ревитализација на објектите и инфраструктурата кои се од стратешки интерес, и пред се, ги продлабочивме врските со сојузниците, разменувајќи искуства и организирајќи заеднички вежби.

Секојдневно учиме и учите од најдобрите, постојано се адаптираме на новите предизвици и светот кој се менува бидејќи учењето и реформите никогаш не треба да запрат. Секогаш кога ќе ја оствариме целта која сме ја зацртале, зацртуваме нова, стремејќи се кон лична, професионална и институционална извонредност.

Но, ништо од тоа немаше да биде возможно, ниту важно, ако не сте вие и луѓето како вас, вашите колеги и сите претходни генерации. Сè што правиме, правиме за вас бидејќи вие сте столбот врз кој почива силата и волјата на македонската армија. Процесот на обука беше само почеток, а вистинските предизвици допрва доаѓат и воопшто не се сомневам дека ќе ги надминувате.

Во оваа прилика сакам да им се заблагодарам и на Вашите семејства и поддршката која тие Ви ја укажуваат, а без која верувам дека никој од вас не би бил денес тука.

Ви честитам на сите Вас, 120 нови подофицери. Посебно ме радува фактот што меѓу вас имаме и четири жени, и се надевам дека со нивниот пример тие ќе ги охрабрат и своите пријателки, да ни се приклучат во Армијата, бидејќи иако војската се смета за типично машка професија, слободата,безбедноста и иднината се именки од женски род.

Им честитам од се срце и на новите професионални војници и сметам на нивната посветеност и професионалност. Само заедно, обединети, чекорејќи рамо до рамо,  можеме да постигнеме цели кои како поединци не можеме ни да ги замислиме.

За крај, би сакала да ве потсетам на зборвите на големиот воен лидер со македонско потекло, Мустафа Кемал Ататурк, кој после една од најтешките битки на своите војници им рекол: „Станете! Не дојдовме до тука за да се вратиме назад“!

Ви ја честитам денешната свечена заклетва и промоција!

Да сте ми живи и здрави!

Да живее нашата татковина!

Да живее македонската Армијата!